Друштво за хотелиерство,угостителство
туризам и трговија
ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД
Бр. 02 – 190/10
26.05.2023 година
Охрид

Врз основа на член 20 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, член 343, член 344, член 345 и член 367 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 26.05.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на членови на Одбор на директори на**
**ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид**

1. Поради истек на мандатот на членовите на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, како и поради усогласување на бројот на членови на Одборот на директори со измените на Статутот на Друштвото се врши избор на членовите на Одбор на директори:
    1. Драган Наков;
    2. Сашо Наков;
    3. Филип Мишевски;
    4. Јелена Наков;
    5. Наташа Милева-неизвршен-независен член.

2. Мандатот на членовите на Одбор на директори од став 1 на оваа Одлука трае четири години.

3. На неизвршните членови на Одбор на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, избрани на редовното годишно Собрание на акционери на ден 26.05.2023 година им се определува надоместок во износ од 15.000,00 денари месечно.

4. Се задолжуваат лицата од став 1 од оваа Одлука избрани за членови на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид по влегување во сила на оваа Одлука да одржат своја конститутивна седница на која ќе изберат лице кое ќе биде извршен член и ќе го носи називот Генерален директор, како и неизвршен член кој ќе биде и Претседател на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид.

5. Се овластува Генералниот директор да ополномошти регистрационен агент да ја поднесе пријавата за упис во Централниот регистар на новиот состав на Одборот на директори на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид избрани во став 1 на оваа Одлука.

6. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач со Собрание

________________________

"ХОТЕЛИ - МЕТРОПОЛ" А.Д. Охрид